# Интеграција на Ромите
# Патоказ 2019-2021

# Северна Македонија




*Roma Integration 2020 is co-funded by*

European Union

OPEN SOCIETY
FOUNDATIONS

# *Вработување*







Стапката на вработеност кај Ромите во Република Северна Македонија е 22%, во споредба со стапката на вработеност кај не-Ромите од 40%. Со својата Национална стратегија за интеграција на Ромите, Република Северна Македонија настојува постепено да го намали јазот во стапката на вработеност. Целната вредност може да се постави на стапка на вработеност кај Ромите од најмалку 35% до моментот кога Република Северна Македонија ќе се стекне со членство во Европската Унија (ЕУ). Ако се претпостави стабилна стапка на вработеност кај не-Ромите, ваквата заложба значи дека Република Северна Македонија ќе има постигнато само 5% јаз во стапката на вработеност меѓу Ромите и не-Ромите во моментот кога ќе пристапи во ЕУ. За да се постигне целната вредност во моментот на пристапувањето во ЕУ, клучните точки може да се утврдат на 25% стапка на вработеност кај Ромите во 2021 година и 30% во 2025 година. Со постигнување на овие целни вредности, Република Северна Македонија ќе воспостави стабилен тренд на намалување на јазот во вработеноста помеѓу Ромите и не-Ромите.

Најефективниот и најефикасниот начин да се постигнат поставените целни вредности е да се трансформира непријавената работа на Ромите во пријавена работа. Појдовната точка во врска со ова е дека 39% од Ромите се занимаваат со непријавена работа, во споредба со 15% не-Роми. Целната вредност е да се трансформира најмалку 24% од непријавената работа во пријавена работа кај Ромите, со што ефективно ќе се постигне исто ниво на непријавена работа кај Ромите и не-Ромите до моментот кога Република Северна Македонија ќе се стекне со членство во ЕУ (под претпоставка дека стапката на непријавена работа кај не-Ромите ќе остане стабилна). За да се постигне поставената целна вредност, клучните точки за Република Северна Македонија се да се намали непријавената работа кај Ромите до 33% во 2021 година и до 25% до 2025 година со трансформирање во пријавена работа.

Намалувањето на непријавената работа е предвидено со Програмата за економски реформи 2019-2021 на Република Северна Македонија и посебно со Стратегијата за формализирање на неформалната економија 2018-2022. И двата плана главно се фокусираат на намалувањето на непријавената работа во рамки на постоечките претпријатија, а во многу помал обем на намалувањето на непријавената работа надвор од претпријатијата, без да се земе предвид социјалната состојба на работниците кои вршат непријавена работа. Во областа на вработувањето Република Северна Македонија во голема мерка се потпира на активните мерки за вработување, кои се планираат на годишно ниво во рамките на оперативната програма, вклучително и за 2019 година. Спроведувањето на активните политики и мерки за вработување, покрај од јавниот буџет, се финансира и преку редовно финансирање од ЕУ - во моментов се дефинира четвртиот директен грант од Инструментот за претпристапна помош (ИПА) за „Поддршка за активните мерки за вработување“ и истиот се фокусира токму на ранливите групи, како Ромите. Покрај тоа, во однос на непријавените работници Роми релевантен е Законот за забрана и спречување на вршење на нерегистрирана дејност, Законот за отпишување на долгови, како и Законот за социјална заштита и другите закони од областа на социјалната заштита.

Стратегијата за Ромите 2014-2020 (Стратегијата) конкретно ја предвидува мерката „2.4. Трансформирање на неформалната економија во формална во обем кој може да се контролира и е прифатлив за пазарната економија,“ што според Стратегијата е во согласност со „Стратегијата за социјално вклучување и намалување на сиромаштијата“. Во рамките на оваа мерка, во Стратегијата се наведени следниве активности:

- Подготовка на студија за неформалната економија кај Ромите;
- Креирање на најмалку една политика на ниво на закон или активна мерка која вклучува бенефиции за Ромите кои ќе ги официјализираат бизнисите;
- Примена на модели од други земји и разни методи на трансформација на неформалната економија во формална;

[1]Според Регионалното истражување за Ромите од 2017 година на Европската комисија, Програмата за развој на Обединетите нации и Светската банка.
[2]Ибид.

- Обезбедување шанси на лицата кои се занимаваат со неформална економија да работат во формалната економија;
- Создавање можности за регистрирање на активностите со плаќање одредени минимални даноци или паушали;
- Имплементирање на постепен период за регистрирање на неформалните бизниси и работа на формалниот пазар на труд, вклучувајќи фази кои се неопходни за „новиот“ учесник на пазарот на трудот да се справи со финансиските оптоварувања, т.е. со реалните трошоци на формалниот пазар;
- Финансиски стимулации за Ромите како што се: постепени плаќања, одлагање на плаќањето на обврските за одреден период, давање заеми по „државно-фиксни“ стапки, субвенционирани грантови за формализирање на бизнисите итн.

Овие активности и стратешката мерка 2.4. за вработување не се спроведени.

Оперативните заклучоци од последниот семинар за Ромите што се одржа во Скопје на 23-24 ноември 2017 година (не се достапни информации на Интернет) вклучуваат 3 заклучоци за областа на вработувањето, од кои 2 се релевантни за вработувањето во јавниот сектор:

- Активирање на Ромите на пазарот на трудот преку специфична програма за мерки за вработување на Ромите преку користење на постојните активни мерки за вработување (вклучително и студии за вработување, внатрешна и надворешна координација, ангажирање на локалните самоуправи, следење и евалуација, вработување на Роми во националните агенции за вработување, користење на афирмативен пристап);
- Мотивирање на Ромите да ги користат активните мерки за вработување, вклучително и со понуда на конкретни мерки за Ромите, особено за оние со повеќекратна ранливост (вклучително и работа на терен).

Оперативните заклучоци од областа на вработувањето не се конкретни во однос на природата на програмите за Ромите кои треба да се подготват и спроведат, така што може да се претпостави дека подготовка на програма за трансформирање на непријавената работа во пријавена е во согласност со заклучоците.

Клучните размислувања при формулирањето на политиката за трансформирање на непријавената работа во пријавена кај Ромите во Република Северна Македонија се следниве:

- Поголемиот дел од непријавените работници Роми се занимаваат со: собирање на отпад, трговија на отворен пазар или на улица, сезонска земјоделска работа и услуги за чистење (ова особено важи за жените Ромки). Во политиката за трансформирање на непријавената работа треба да се земе предвид потребата за различен пристап за различните типови економски активности, заради посебните карактеристики и контекст во секоја економска област.
- Социјалната помош што ја добиваат семејствата кои се занимаваат со непријавена работа претставува значителен дел од нивниот приход. За да се избегне ризикот од туркање на работниците и нивните семејства во уште подлабока сиромаштија, трансформирањето на работата во пријавена работа треба да се проследи со постепено намалување на социјалната помош наместо истата да се прекине одеднаш.
- Тековните социјални придонеси и даноците на платите се во значителен износ кој сиромашните работници ангажирани на (непријавена) работа со ниски приходи не можат да си го дозволат, бидејќи преостанатата нето плата од бруто заработката е недоволна за да обезбеди пристоен живот. Социјалните придонеси и даноците треба во голема мера да се субвенционираат на почетокот на трансформацијата на непријавената работа во пријавена. Субвенциите потоа треба постепено да се намалуваат.
- Работата на непријавените работници кои ќе се трансформираат во пријавени работници треба да се организира (можеби во кооперативи, социјални претпријатија, јавно-приватно партнерство на локално ниво или слично), поддржува, заштитува и развива сè додека не стане доволно конкурентна и профитабилна за да обезбедува приход кој овозможува пристоен живот (излез од сиромаштијата) и во крајна линија ќе ја отстрани зависноста од социјална помош. Треба да се осигури безбедноста на работното место, а во случај на работни места со опасни влијанија врз здравјето, треба да се предвидат намалени услови за пензионирање. Евентуалното вклучување на времето поминато во непријавена работа во условите за пензионирање треба да се разгледува со неопходната претпазливост.
- Голем дел од непријавените работници Роми имаат заостанати долгови (кон банки, за комунални услуги или слично) и се соочуваат со извршни налози за плаќање веднаш штом ќе престане социјалната помош. Политиката за трансформирање на непријавената во пријавена работа треба да содржи одредби кои ќе овозможат намалување или дури и поништување на долговите кога тоа е можно, а кога не е можно - постепено плаќање на долговите во износи кои работниците можат да си ги дозволат.

- Непријавените работници треба да добијат сеопфатни и разбирливи информации за сите аспекти на пријавената работа, заклучно со правата од вработување, договорите за работа, социјалните

придонеси, даноците, механизмите за заштита на работничките права, синдикатите и сл.

Проектот Интеграција на Ромите ќе соработува со Владата на Република Северна Македонија во изработката на сеопфатна политика и придружните закони и предлози за финансирање за трансформирање на непријавена работа во пријавена, со посебен фокус на Ромите, со цел да придонесе за постигнување на поставените цели. Ќе се обезбеди техничка стручна помош која ќе соработува со релевантните државни институции и граѓанското општество во изработката на сеопфатна политика, како и со претставници одговорни за горенаведените закони и стратегии. Политиката ќе има за цел да одговори на специфичните потреби на Ромите на неформалниот пазар на трудот, како што е наведено претходно, и да ги искористи постојните одредби. Ќе се предложат и формулираат неопходните измени на законите (како на пример, проширување на опфатот на Законот за отпишување на долгови, доколку е потребно). Во подготвената политика ќе се наведат и потребните финансиски средства за нејзино спроведување, како и конкретен предлог за финансирање од државниот (и локалниот) буџет и од донатори.

# *Домување*




Во Република Северна Македонија нема веродостојни информации за нелегалните живеалишта во кои живеат ромски семејства, или пак за различните аспекти на нивниот статус (состојба, безбедност, година на градење, поврзување со комуналната инфраструктура, сопственост на земјиштето, усогласување со урбанистичките планови, и т.н.). Најдобрите достапни информации се дека 70% од живеалиштата во кои живеат Роми се нелегално изградени (проценка која се наоѓа во Стратегијата за Ромите). Исто така, 87% од Ромите се соочуваат со сериозна материјална обесправеност (според Регионалното истражување за Ромите за 2017 година на ЕК/УНДП/Светска банка). Во комбинација со маргинализацијата што подразбира недостаток на можности, соочување со предрасуди, недостаток на знаење и капацитети, како и трошоците поврзани со домувањето, неопходно е да се обезбеди поддршка на Ромите за да се обезбеди сигурно и соодветно домување.

Легализацијата на живеалиштата е најефикасниот начин за обезбедување на сигурно домување (без ризик од иселување), бидејќи на тој начин нема потреба од трошоци за рушење на куќите и за изградба на социјални станови за лицата кои ќе останат без дом по иселувањето. Легализацијата на домувањето треба да се смета како прв чекор во подобрувањето на условите за домување. Ќе бидат потребни дополнителни напори за да се обезбеди Ромите да имаат доволно приходи за да ги одржуваат своите домови, да се намали пренатрупаноста и да се обезбеди социјално домување за оние лица чии куќи не можат да се легализираат, да се обезбеди потребната комунална и социјална инфраструктура во рамките на населбите, да се реновираат куќите за да се обезбедат минимални услови за живот, и т.н.

Според тоа, целните вредности за легализацијата на домувањето се утврдени на намалување на нелегалните живеалишта на Ромите барем до 20% до пристапувањето на Република Северна Македонија во ЕУ, со постепено намалување до 55% во 2021 година и 40% во 2025 година. Од една страна, целната вредност изгледа амбициозна затоа што се бара намалување од 50% до моментот на пристапување. Сепак, преку координирани активности може да се легализираат цели населби и процесот да биде поефикасен. Од друга страна, ако до моментот на пристапување во ЕУ сѐ уште има 20% нелегални живеалишта на Ромите изгледа многу, но трендот на брзо намалување на нелегалните живеалишта би укажал на позитивна насока. Трето, бидејќи почетната точка претставува проценета вредност, целните вредности исто така треба да се сметаат за проценети вредности, и треба да се соберат пореални и посигурни податоци.

Областа на домувањето е регулирана со Законот за домување и Законот за постапување со бесправно изградени објекти кои се релевантни за домувањето на Ромите. Легализацијата, регулирана со Законот за постапување со бесправно изградени објекти, не содржи доволно специфични одредби за олеснување на легализацијата на живеалиштата на социјално и материјално обесправените лица и не ги регулира постапките за случаи кога легализацијата не е можна. Крајниот рок за пријавување беше крајот на 2018 година. Законот за домување го уредува социјалното домување во најопшта смисла. Капацитетите за

социјално домување се многу ограничени. Станови за семејства со ниски приходи редовно се градат со заеми од странски банки (обично Банката за развој на Советот на Европа), а на Ромите им се дава приоритет како потенцијални корисници, но на овој начин не се решаваат насобраните станбени потреби.

Легализацијата на домувањето на Ромите е приоритет за Делегацијата на Европската унија, и следствено на тоа, за оваа намена се става на располагање финансирање преку ИПА II (1 милион евра) од ИПА II 2017, а за следниот период се планира од ИПА II 2019 (3,5 милиони евра). Се очекува дека со овие напори ќе се подобри домувањето на Ромите. Поддршката вклучува ревизија на урбанистичките планови и усвојување на детални урбанистички планови на ромските населби, како и реновирање на легализираните домови на Ромите. Министерството за транспорт и врски, исто така, редовно поддржува проекти за локална инфраструктура во ромските населби, врз основа на акцискиот документ за домување на Ромите и во координација со министерот без ресор одговорен за ромски прашања.

Стратегијата за Роми предвидува легализација на што е можно повеќе од постојните 70% нелегални живеалишта во кои живеат Роми до 2020 година и алтернативно/трајно сместување за најмалку 50% од оние лица чии живеалишта не можат да се легализираат. Планираните мерки вклучуваат усвојување на урбанистички планови, следење на нелегалните живеалишта, обезбедување на социјално и приватно домување за Ромите од страна на локалните самоуправи, како и сеопфатен пакет услуги за легализација за Ромите, обезбеден од страна на мобилен тим.

Оперативните заклучоци од семинарот за Ромите одржан во 2017 година опфаќаат продолжување на постојните напори во областа на домувањето во однос на инфраструктурата и социјалните станови, урбанистички план за Шуто Оризари, мапирање на домувањето на Ромите (социјално мапирање), поврзување на поддршката за домување со други јавни услуги, приклучување кон Регионалната програма за домување и воведување на систем за следење на легализацијата. Во моментов се врши социјално мапирање преку проект финансиран од ЕУ и се очекува истото да биде објавено во мај 2019 година (опфаќа 14 општини).

Имајќи ги предвид горенаведените аспекти поврзани со домувањето на Ромите, постојат одредени празнини кои не се разгледуваат сеопфатно, а се однесуваат на:

- Соодветен сеопфатен систем за следење на домувањето со редовно собирање податоци;
- Социјално домување за оние Роми чии живеалишта не можат да се легализираат на локално ниво;
- Финансирање на легализацијата на населбите кои нема да бидат опфатени со финансирањето од ЕУ.

Проектот Интеграција на Ромите ќе обезбеди стручна поддршка на Владата на Република Северна Македонија за воспоставување на соодветен механизам за следење на домувањето кој ќе ги опфати сите ромски населби и ќе се поврзе со податоците од Катастарот за законитоста и сопственоста на земјиштето и градбите. Исто така, ќе работи со заинтересираните општини на одредување градби кои би можеле да се користат за социјално или приватно домување по соодветно прилагодување и подготовка на предлози за финансирање за оваа цел, за да се обезбеди сместување на бездомните и оние Роми чии живеалишта не можат да се легализираат. Исто така, може да се земе предвид и поддршка за изготвување на дополнителни предлози за финансирање за легализација на живеалиштата каде што живеат Роми, за оние населби кои нема да бидат опфатени со финансирањето од ЕУ, откако ќе се оценат резултатите од тековните активности финансирани од ЕУ и ќе има достапни податоци за потребите за домување (од првата интервенција). Проектот Интеграција на Ромите, исто така, ќе обезбеди поддршка во формулирањето на потребните законски измени, како на пример продолжување на крајниот рок за легализација, доколку се потребни.